MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12 - 3715/5
06 -11- 2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – --------------------, од Скопје, на ден 29.07.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 23-та седница одржана на 01 ноември 2019 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од познат подносител – --------------------, од Скопје, на ден 29.07.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-3715/1 од 29.07.2019 година, во која се укажува на сомневање за сторени незаконитости од страна на судијата --------------------, судија во Основен суд Скопје II Скопје, при носење на пресуда 23 ПЛ1-П 130/18, во постапка водена врз основа на предлог за извршување поднесен од доверителот „Динерс Клуб-МАК" д.о.о, за долг во износ од 15.477,50 МКД по основ на кредитна картичка.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3715/1 од 29.07.2019 година, поради непотврденост на наводите содржани во пријавата.

Предметот со број 12-3715/1 од 29.07.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-3715/1 од 29.07.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – --------------------, од Скопје.

Во пријавата се укажува на сомневање за сторени незаконитости од страна на судијата --------------------, судија во Основен суд Скопје II Скопје, при носење на пресуда 23 ПЛ1-П 130/18, во постапка водена врз основа на предлог за извршување поднесен од доверителот „Динерс Клуб-МАК" д.о.о, за долг во износ од 15.477,50 МКД по основ на кредитна картичка. Како што наведува подносителот во пријавата, судијата постапувал по неуреден поднесок, му го ускратил правото на правна заштита и истиот се сомнева за можна поврзаност помеѓу судијата и доверителот во спорот.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите содржани во пријавата по која е оформен предметот број 12-3715/1 од 29.07.2019 година, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во пријавената имотна состојба на лицето -------------------- и констатираше дека не постојат податоци дека истата е корисник на кредит од „Динерс Клуб-МАК" д.о.о, односно дека не постојат податоци за можна поврзаност помеѓу судијата и доверителот во спорот.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдени наводите содржани во пријавата.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на ден 01.11.2019 година по број 12-3715/4

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk